ЗЕМЈОДЕЛСКИ КОМБИНАТ
"ПЕЛАГОНИЈА"
АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
Бр. 02-584
08.06. 2015 год.
БИТОЛА

Врз основа на член 70 став 3 алинеја 18, а во врска со член 92 од Статутот на ЗК "Пелагонија" АД – Битола – Пречистен текст, член 384 став 1 и член 387 од Законот за трговските друштва, и Одлуката број 02-506/3 донесена на ден 22.05.2015 година од Одборот на директори на ЗК "Пелагонија" ад - Битола,

**ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ КОМБИНАТ "ПЕЛАГОНИЈА" АД БИТОЛА**

**О Б Ј А В У В А**

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА СВИКУВАЊЕ ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Годишното собранието на акционери на ЗК "Пелагонија" АД Битола ќе се одржи на ден **29.06.2014 година (понеделник), со почеток во 12 часот во просториите на Друштвото во Новаци (Новачки пат)**.

За работа на седницата на Собранието се предлага следниот

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

### I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ

**1.** Отворање на Собранието на акционери
**2.** Констатирање на кворум за работа на Собранието
**3.** Избор на работни тела
**3.1.** Избор на претседавач на Собранието – со предлог одлука.
**3.2** Избор на 2 бројачи на гласови – со предлог одлука.

### II. РАБОТЕН ДЕЛ

-Усвојување на Записникот од седницата на Собранието на акционери на ЗК "Пелагонија"АД Битола одржана на ден **17.04.2015 година.**

**1. Годишен извештај за работата на ЗК "Пелагонија" АД – Битола за деловната 2014 година,** со
- Предлог - одлука за усвојување.

**2. Годишна сметка и финансиските извештаи на ЗК "Пелагонија" АД – Битола за деловната 2014 година,** со
- Предлог – одлука за усвојување.

**3. Консолидиран годишен извештај за работата на групата ЗК "Пелагонија" АД – Битола за деловната 2014 година,** со
- Предлог - одлука за усвојување.

**4. Консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на групата ЗК "Пелагонија" ад – Битола за 2014 година,** со
- Предлог - одлука за усвојување.

**5. Извештај за извршената ревизија на Годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај на ЗК "Пелагонија" АД – Битола за 2014 година од овластениот ревизор,** со

- Предлог - одлука за усвојување.

**6. Извештај за извршената ревизија на Консолидираната годишна сметка, консолидираните финансиски извештаи и консолидираниот годишен извештај на групата ЗК "Пелагонија" АД – Битола за 2014 година од овластениот ревизор,** со

- Предлог - одлука за усвојување.

**7. Извештај за работата на Одборот на директори на ЗК "Пелагонија" АД – Битола и одлучување за одобрување на работата на истиот за деловната 2014 година,** со

- Предлог - одлука за усвојување.

**8. Предлог-Одлука за употреба и распоредување на добивката по Годишната сметка на Друштвото за 2014 година.**

**9. Донесување одлука за назначување на ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ЗК "Пелагонија" АД – Битола за 2015 година,** со

- Предлог - одлука.

Се повикуваат акционерите на ЗК "Пелагонија" АД Битола, односно нивни полномошници да присуствуваат и учествуваат во работата на Годишното собрание на акционери.

Право на учество и глас на Годишното собрание имаат акционери кои поседуваат акции со право на глас запишани во акционерската книга на ЗК "Пелагонија" АД – Битола што се води во ЦДХВ, односно нивни полномошници.

Пријавувањето за присуство на седницата на Годишното собрание се врши со пријава за учество на собранието, која е достапна на интернет страница на Друштвото www.zkpelagonija.mk а се поднесува најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание.

Акционер може да овласти со полномошно друго лице како свој полномошник на седницата на Годишното собранието на Друштвото, коешто ќе учествува и ќе гласа на седницата на Годишното собрание во негово име. Акционерот треба веднаш писмено или електронски да го извести Друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма. Податоците за начинот на известувања за полномошна и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет страница на Друштвото www.zkpelagonija.mk. Акционерот кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка.

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на Годишното собрание на Друштвото.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на Годишното собрание на Друштвото.

Акционерите можат да доставaт предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред, предлози на одлуки за усвојување и прашања во рок од 8 дена од денот на објавувањето на јавниот повик за одржување на седницата на Годишното собрание.

Подетални информации за начинот на предлагање на точки на дневниот ред, предлагање одлуки за усвојување од страна на акционерите и поставување прашања, може да се најдат на официјалната интернет страница на Друштвото www.zkpelagonija.mk

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговските друштва.

Материјалите со дневниот ред што се подготвени за Годишното собрание им се достапни на акционерите, односно нивните полномошници секој ден од денот на објавувањето на јавниот повик во простории на Друштвото Новаци - Новачки пат од 9 до 14 часот и на официјалната интернет страница на Друштвото www.zkpelagonija.mk

**ЗК "ПЕЛАГОНИЈА" ад – БИТОЛА**

ЗЕМЈОДЕЛСКИ КОМБИНАТ "ПЕЛАГОНИЈА" БИТОЛА 4 АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО